"ЗЛАТНА БУБАМАРА" НА 23 ФЕВРУАРИ

# Водете љубов, а не политички партии

На 23 февруари, во Универзалната сала, ќе се собере целиот естраден, спортски и културен еснаф од Македонија и од Балканот, на манифестацијата "Златна бубамара на популарноста".

"Иако има интерес за 'Бубамара', тепачка за билети и можеме да наполниме 10 сали, пак се одлучивме за само една ексклузивна претстава во Универзалната сала. Беше во игра и поголема сала, но решивме да одиме на сигурна варијанта", вели Ранко Петровиќ, организаторот на манифестацијата. Оваа година "Златна бубамара" го слави 14-тиот роденден. Повторно Сашко Коцев ќе биде водител, а слоганот на шоуто е во хипистил "Водете љубов, а не политички партии".

"Претходните слогани беа: 'Едно име имаме', 'За сите пушачи и антипушачи', 'Деветти конгрес на Бубамара', а годинешниов е инспириран од војната во Виетнам. На шега на смеа, со интелектуален хумор, станавме водечка забавна манифестација на Балканот. И оваа година ги каниме сите бунтовници, револуционери и преродбеници да нé гледаат", вели организаторот Петровиќ во свој стил.



Од ланската "Златна бубамара" .- Слаткар со танчарка

Тој не сакаше да открие ниту еден од македонските и од балканските гости и кому ќе му биде доделена традиционалната награда за животно дело.

На ланската "Бубамара", најголеми ѕвезди беа Бајага, Масимо Савиќ, Оливер Мандиќ и Звонко Богдан. Наградата за животно дело ја доби легендата на македонската изворна музика Вања Лазарова. Според организаторот, и оваа година ќе гледаме уште едно јако издание на шоуто. ***(М.Џ.)***

## "Тротоар шоу" во чест на Тоше

Иванов ќе биде специјален гостин во емисијата "Тротоар шоу" вечерва во 20.30 ч., на телевизијата "Канал 5". Ова ќе биде специјално издание на шоуто, посветено на Тоше Проески.

"Се одлучивме да посветиме една емисија на нашата музичка легенда, по повод постхумното одликување на Тоше со Орден за заслуги на Република Македонија, кое претседателот му го додели на внукот на Тоше. Во саботниот 'Тротоар', освен претседателот Иванов, ќе гостува и бендот на Тоше, како и првиот човек на манифестацијата 'Златна бубамара на популарноста' Ранко Петровиќ", велат од тимот на "Тротоар".

Како музички гости, ќе ги гледаме и Маријан Стојановски и Мартин Вучиќ, кои, освен професионално, со Тоше беа блиски и приватно. ***(М.Џ.)***



## Дарко Илиевски ќе пее и на бугарски

Поп-пејачот Дарко Илиевски следната недела ќе замине за Бугарија, каде што ќе работи на новиот албум кој, освен на македонскиот, треба да излезе и на бугарскиот пазар. Во Бугарија, тој треба да се сретне со текстописците и со продуцентите со кои ќе соработува, да им ги однесе песните за кои треба да се направи текстот на бугарски, а потоа да се почне со снимањето на албумот.

Името на деби-албумот сé уште не е дефинирано.

Миленикот на женската публика потврди дека неодамна ја раскинал љубовната врска со долгогодишната девојка.

***(А.Г.)***